КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



# ЈОВАН ПИЛИЧКОВ

# JOVAN PILIČKOV

## ПРЕД СКУЛПТУРИТЕ НА ЈОВАН ПИЛИЧКОВ

Јован Пиличков во последните неколку години, со претходни подготовки, реализираше серија скулптури во дрво.

Во осаменоста на своето ателје (во близина на Скопје) тој презеде определени истражувања. Притоа, авторот не ги заборавил одделните искуства на академското образование (добиено во класата на Драган Попоски-Дада).

Пиличков, треба да се нагласи, целосно се ослободи од репрезентативниот (фигуративен) карактер на скулптурата и тоа во интерес на создавање "слободна" пластична форма. Избирајќи го дрвото како материјал и медиум, тој требал да се сообрази со основата на неговите специфични можности. Оттука, творечката намера на авторот се состои во ослободување на карактеристичните форми од масата кои можат да говорат сами за себе.

Во суштината на неговата инспирација (класична визија на медитеранскиот свет) е хуманиот мотив кој се препознава во елегантната сензуалност на вертикалните скулптури. Пиличков сече и делка во масата на дрвото (потсетувајќи на резбарскиот знак, посебен за нашата уметничка традиција), создавајќи пластични евокации на некои живи организми. Станува збор за антропоморфни назначувања, за машки или женски белези на делото.

Во пластичниот вокабулар на уметникот се содржани меки геометриски планови или заоблени форми добиени со прецизни засечувања во масата на дрвото. Во апстрактно-асоцијативната конципираност на скулптурата, комплементарно се сменува ентериерната "темна" вибрација и брановидните ритми на формите. Тоа значи дека полните волумени се поврзани со движење на празнините и вдлабнатите делови на скулптурата.

Пиличков во дрво обликува нефигуративни тотеми чии форми, преку специфичните заоблени ритми добиваат карактер на тајна, на ритуалност на примитивните уметности. Во други дела, наместо органска тензија, се остварени пластични решенија со понагласени предметни белези (рог и друго), со врежани знаковни форми на површината.

Пиличков, со својата прва самостојна изложба, се претставува како автор со сериозни креативни намери.

Д-р Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ

## IN FRONT OF THE SCULPTURES OF JOVAN PILICKOV

In the last few years, Jovan Pilickov, with some previous preparations, has realised a series of sculptures in wood.

In the solitude of his studio (in the vicinity of Skopje) he has undertaken some investigations not forgetting by the way the necessary experiences he had acquired during his academic education (obtained in the class of Professor Dragan Poposki-Dada).

It has to be point out that Pilickov has thoroughly freed himself of the so-called representative or figurative character of the sculpture in the interest of creation of a "free" plastical form. Choosing the wood both as a material and as a medium, he had to conform to the basic of its specific possibilities. Thus, the creative intention of the author consists of a liberation of the characteristic forms of the mass that can speak for themselves.

In the essence of the author's inspiration (a classical vision of the Mediterranean world) lays the humane motif, which is recognisable by the elegant sensuality of the vertical sculptures. Pilickov cuts and carves in the lump of the wood (reminding us of the carving sign specific for the Macedonian artistic tradition), creating plastical evocations of some living organisms, that is to say he summons forth anthropomorphic allusions of some male and female marks in his work.

In the plastical vocabulary of the artist are contained some smooth geometrical schemes or loop forms accomplished by precise cuts in the body of the wood. In the abstract and associative conception of the sculpture in a complementary way interchanges the interior "dark" vibration and the wavy rhythms of the forms. It means that the full volumes are linked together in the motion of hollow and concave parts of the sculptures.

Pilickov has shaped non-figurative totems in wood, which forms through the specific closed curved rhythms take over a character of secrecy and rituality of the primitive arts. In some other pieces of work, instead of an organic tension, he has found some plastical solutions with more stressed material marks (horns and other substances), with incised sign forms in the surface.

Pilickov, with his first independent exhibition represents himself as an author with thoughtful creative intentions.

Dr Vladimir Velickovski



**ОГНЕНА ФУРКА II**
54x24x15, дрво, 2002



**ТОТЕМ ВО ДВИЖЕЊЕ**
83x19x17, дрво, 2001



**РОГ**

92x14x9, дрво, 2003



**UTERUS**

66x29x19, дрво, 2001



**PARTUS**

48x25x19, дрво, 2001



**ПРЕГРАТКА**
53x9,50x10, дрво, 2003



**РАСПЕТИЕ**
123x42x21, дрво, 2001



**АПСАРИС**
44x47x35, дрво, 2003

**ЈОВАН ПИЛИЧКОВ**
Дипломиран академски вајар

Роден е на 15. 09. 1967 година во Скопје. Дипломирал 1992 година на Факултетот за ликовни уметности, на одделот Вајарство со конзервација и реставрација, во класата на проф. Драган Попоски - Дада. По дипломирањето, реализирал студиски престој во Руската федерација и Украина, во траење од три години (1992-1995). Извесен период по враќањето во Македонија, работи како професор по ликовно во Скопје.

Адреса:
Бул. "Партизански одреди", 133 - 2/13,
Скопје.
Телефон:
070 54 76 30

<u>Монументални скулптури:</u>

1995, "Три вертикали", УЦСО "Димитар Влахов", Скопје;
1997, "Христос-вода-живот", ДООЛ "Југоуниверзал", Скопје.

<u>Групни изложби:</u>

1992, Style, Artists Union Gallery, Kiev, Ukraine;
1994, Expanse of the Cultural Revolution, Ukrainian House of Culture, Kiev, Ukraine;
1995, Учество на конкурсот "Џозеф Крузел", Министерство за одбрана;
1997, Sculptures of the Fine Arts - Sand Sculptures, Complex, Djuni, Bulgaria;
2003, Учество со концептуални дела во "Специјален перформанс" на проф. д-р Владимир Величковски, Музеј на град Скопје;
2003, Концептуални скулптури во филмот "Крај И", (режија: Бојан Симовски), Скопје.



**ОГНЕНА ФУРКА I**
40x17x13, дрво, 2002

КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

*Издавач*
Културно - информативен центар - Скопје
Моша Пијаде б.б.
Тел.: +389 2 238 158
Факс: +389 2 166 724
E-mail: KICentar@freemail.com.mk

*За издавачот*
Љупчо Маленков, директор

*Предговор*
Проф. д-р Владимир Величковски

*Превод на англиски јазик*
Д-р Боне Величковски

*Фотографии*
Филип Антовски
Бисера Станкоска

*Дизајн и печат*
БороГрафика-Скопје

**ISBN 9989-139-00-8**